Врз основа на Член 38 од Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови Вега фондови АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на РС Македонија бр.266/2024), Одборот на директори на Друштвото на седницата одржана на ден 01.07.2025 година ги донесе следните измени и дополнувања на

**П О Л И Т И К А**

**за креирање на систем за заштита на лични податоци**
**на Друштвото за управување со инвестициски фондови Вега фондови АД Скопје**

1. Поими и дефиниции

„Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификуваното физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичкото лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

„Обработка на личните податоци" е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење на достапни, усогласување или комбинирање, ограничување,бришење или уништување.

„Збирка на лични податоци" е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционал- на или географска основа.

„Ризик" е постоење можност за појава на настан што сам по себе претставува штета (вклучително и неоправдано вмешување во правата и слободите на физичките лица) или може да доведе до дополнителна штета за едно или за повеќе физички лица. Сериозноста на ризикот е комбинација од влијанието на штетата и веројатноста дека настанот и последователната штета ќе се случат. Ризикот во контекст на заштита на личните податоци секогаш се оценува во однос на негативните влијанија врз правата и слободите на физичките лица.

„Систем за заштита на лични податоци" е збир од документирани политики, кодекси на однесување, насоки, процедури и работни инструкции донесени од страна на контролорот, а кои се во функција на спроведување на технички и организациски мерки за постигнување на целта на заштита согласно прописите за заштита на личните податоци.

„Информациски систем" е целина од компоненти преку кои се обработуваат личните податоци при активностите за нивна обработка. Ова ги опфаќа вклучените системи (на пример, персонални оперативни единици, сервери, мрежни или безбедносни уреди), услуги (на пример,

процедура, единствена функција или збир од функции што служат за одредена цел) и податоци (на пример, специфични полиња од лични податоци што се користат за обработка).

Во Друштвото за управување со инвестициски фондови Вега фондови АД Скопје се обработуваат следните збирки и категории на лични податоци:

1) Заради водење на евиденција на вработените во Вега фондови АД Скопје, согласно член 8 од Законот за евиденциите од областа на трудот се води збирка на лични податоци со следнава содржина:
   - Име и презиме.
   - Име на еден од родителите.
   - Пол.
   - Единствен матичен број.
   - Датум на раѓање.
   - Место на раѓање и држава.
   - Живеалиште и адреса.
   - Е-маил и телефон за контакт.
   - Податоци за бројот на трансакциската сметка и банката примач.
   - Податоци за тековното вработување и претходните вработувања.
   - Степен и вид на завршено образование .
   - Степен на стручна подготовка, завршени обуки, курсеви, програми за доусовршување, посебни знаења и вештини.
   - Опис на работно место.
   - Работно време на вработеното лице.
   - Траење на работниот однос (на определено или неопределено време).
   - Датум на засновање на работниот однос.
   - Датум на престанок на работниот однос и основ за престанок.
   - Податоци за дисциплински постапки, материјална одговорност, поведени прекршочни или кривични постапки.
   - Податоци за висината на платата и надоместоците од плата.

   Сите лични податоци од оваа збирка се чуваат 10 години.

2) Заради водење на евиденција на плати на вработените согласно член 21 од Законот за евиденциите од областа на трудот се води збирка на лични податоци со следнава содржина:
   - Податоци за работното време на работникот и за користење на работното време.
   - Податоци за извршени и неизвршени работни часови.
   - Податоци за користење на надомест во вид на плата од средства на работодавачот при спреченост од работа.
   - Податоци за користење на надомест во вид на плата од средства на друг работодавач при спреченост од работа.
   - Податоци за неизвршени часови од работа за коишто не се прима плата.
   - Податоци за бруто и нето платите на вработените.
   - Податоци за примени други надоместоци на вработените од средствата на работодавачот.

- Податоци за платени придонеси и даноци од плата.

Личните податоци од оваа збирка се чуваат се чуваат 10 години.

3) Заради водење на евиденција на повремено ангажирани лица во Вега фондови АД Скопје согласно член 8 од Законот за евиденциите од областа на трудот, се води збирка на лични податоци со следнава содржина:
   - Име и презиме.
   - Пол.
   - Единствен матичен број.
   - Датум на раѓање.
   - Место на раѓање и држава.
   - Живеалиште и адреса.
   - Е-маил и телефон за контакт.
   - Податоци за бројот на трансакциската сметка и банката примач.
   - Податоци за извршената повремена активност (договор, услови под кои се извршува итн.).
   - Временски период во којшто повремено ангажираниот работник ја извршува својата активност.
   - Податоци за висината на надоместокот за ангажманот и плаќањето на придонесите и даноците по тој основ.

   Личните податоци од оваа збирка се чуваат 5 години.

4) Заради идентификација и водење на евиденција на клиентите со коишто Друштвото има склучено договори за купување/откуп на удели или управување со индивидуално портфолио, согласно Законот за СППиФТ и Одлуката на Комисијата за хартии од вредност број 08-102/1, се води збирка на лични податоци со следнава содржина:
   - Име и презиме.
   - Име на таткото.
   - Пол.
   - Единствен матичен број.
   - Датум, место и држава на раѓање.
   - Адреса на живеење.
   - Број на документот за идентификација, орган на издавање, датум на важност и држава на издавање.
   - Адреса за контакт, е-маил и телефон за контакт.
   - Професионален статус, работодавец, адреса и дејност на работодавецот.
   - Држава на престој и државјанство.
   - Износ на редовни месечни примања (по категории).
   - Износ на дополнителни извори на средства (по категории).
   - Имот со којшто располага (по категории).
   - Брачна состојба и име на брачниот другар (доколку е лицето во брак).
   - Податоци за бројот на трансакциската сметка и банката примач.
   - Податок дали е лицето носител на јавна функција.
   - Податоци кои се однесуваат на искуството во вложувањето во инвестициски фонд.

   Личните податоци од оваа збирка се чуваат 10 години.

2. Методологија за проценка на ризик

Методологијата за проценка на ризик ги опфаќа следните аспекти:

2.1. Подготовка за анализа на ризик

а. Идентификување на процесот и предвидената цел:

- Лични податоци на клиентите на Вега Фондови АД Скопје,
- Лични податоци на вработените во Вега Фондови АД Скопје,
- Лични податоци на повремено ангажирани лица во Вега Фондови АД Скопје,
- ***Цел**:* водење на документација поврзана со идентификација на клиентите, како и документација на вработените и работно ангажираните лица во Вега Фондови АД Скопје.

б. Идентификување на категории на лични податоци:

***Субјекти на лични податоци:***

- Клиенти
- Вработени лица
- Повремено ангажирани лица

***Категории на лични податоци:***

- Лични карти и патни исправи (документи за идентификација)
- Изводи од МКР (документ за идентификација на малолетни лица)
- Тековни состојби и Тековни состојби на вистински сопственик (документи за идентификација на правни лица)
- Трансакциски сметки

ц. Идентификување на други компоненти кои се вклучени во процесот на обработка на личните податоци:

***Системи:***

- Софтвер за вреднување на инвестициски фондови „STINGA system“ набавен од STINGA software d.o.o., Загреб, Република Хрватска.
- Софтвер за анализа на клиенти Metricity – AML софтвер за верификација, анализи и проценка на ризик согласно „Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам“ обезбеден од друштвото Сајтех ДОО Скопје.
- Административна евиденција на вработени лица и повремено ангажирани лица

***Услуги:***

- Регистрирање на клиенти
- Евиденција на вработени и повремено ангажирани лица.

***Процеси:***

- Внесување на податоци од документите за лична идентификација и тековните состојби во системите STINGA system и Metricity.

2.2. Скала на влијание

| Влијание | Дефиниција | Лични податоци кои се обработуваат |
|---|---|---|
| Средно (вредност 2) | Лични податоци чија обработка може негативно да влијае врз засегнатите субјекти на лични податоци | Матичен број<br>Година на раѓање<br>Податоци за висина на лични примања<br>Податоци за број на трансакциска сметка<br>Матичен број и даночен број на правно лице<br>Вистински сопственик на правно лице |

Согласно утврдената скала на влијание, бидејќи е утврдено средно ниво на влијание, се јавува потреба на заштита од „**Основно ниво**“.

2.3. Идентификување на релевантни закани

Во работењето на Друштвото може да се идентификуваат следните закани кои би можеле да имаат негативни влијанија врз правата и слободите на физичките лица:

| | |
|---|---|
| 1. | Пожар |
| | Закана од појава на пожар во просториите каде што се чуваат во hard copy личните податоци и просториите во коишто се наоѓа информатичката опрема. |
| 2. | Неповолни услови во околината |
| | Закана од неадекватно одржување на температурата и влажноста во работните простории, несоодветна вентилација и високо ниво на нечистотија и прашина. |
| 3. | Вода |
| | Закана од дефекти во водоводната мрежа, системот за ладење / греење, дефекти во системите за гасење на пожар. |
| 4. | Акумулирање на нечистотии, прашина, корозија |
| | Закана од несоодветно поставување и одржување на информатичката опрема. |
| 5. | Прекин или неисправност во напојувањето |
| | Закана од прекин во напојувањето со електрична енергија, дефекти на уредите за непрекинато напојување (UPS). |
| 6. | Дефект или неисправност на комуникациските мрежи |
| | Закана од прекин во комуникациските врски на подолг период, неможност за мрежно поврзување и користење на софтверските апликации. |
| 7. | Дефект или неисправност на давателите на услуги |
| | Закана од прекин на функционирањето на информатичкиот систем како резултат на дефект кај надворешниот давател на услуги. |
| 8. | Електромагнетни пречки |
| | Закана од електромагнетни пречки што може да ја нарушат или оштетат функцијата на надворешните мемориски уреди за чување на податоци. |
| 9. | Кражба или губење на уреди, медиуми за чување на податоци и документи |
| | Закана од кражба или губење на носачи на податоци, преносни компјутери, надворешни мемориски уреди, како и кражба на документација во hard copy на која се наоѓаат лични податоци. |
| 10. | Манипулација со хардвер или софтвер |

| | |
|---|---|
| | Закана од неовластен пристап до информатичкиот систем, инсталирање на хардвер или софтверски апликации кои можат да ги злоупотребат личните податоци. |
| 11. | Манипулација со информации |
| | Закана од неправилно и намерно снимање и промена на податоци со менување на нивната оригинална содржина, во информацискиот систем или кај хартиени документи. |
| 12. | Неовластено влегување во системи за информатичка технологија |
| | Закана од неовластен пристап до системите за информатичка технологија поради шпионажа, хакерски напади, неовластен пристап на вработени и невработени лица како и пристап до надворешни мемориски уреди. |
| 13. | Дефект или неисправност на уреди или системи |
| | Закана од несоодветно инсталирање на хардверски и софтверски компоненти, грешки и дефекти во нивното работење што може да предизвика несоодветно функционирање на информационите системи. |
| 14. | Повреда на закони или договори |
| | Закана од несоодветно почитување на одредбите од договорите поврзани со безбедноста и заштитата на личните податоци кај надворешните даватели на услуги. |
| 15. | Неправилно користење или администрирање на уреди и системи |
| | Закана од несоодветен пристап до личните податоци и информационите системи, несоодветно ракување и администрирање со права на пристап и лозинки. |
| 16. | Злоупотреба на овластувањата и на личните податоци |
| | Закана од злоупотреба на интерните овластувања на вработените лица, директно прекршувајќи ги интерните акти и процедури поврзани со обработката на личните податоци. |
| 17. | Недостиг на кадар |
| | Закана од губење на кадар до ниво што ќе влијае врз забавување или прекин на деловните процеси во одредени деловни единици или во целина. |
| 18. | Кражба на идентитет |
| | Закана од фалсификување на лични податоци и создавање на лажен идентитет. |
| 19. | Злонамерен софтвер |
| | Закана од инсталирање на злонамерен (малициозен) софтвер кој тагетира лични податоци и кој може истите да ги извлече, оштети или корумпира. |
| 20. | Губење податоци |
| | Закана од губење на личните податоци поради ненамерно или неовластено бришење, несоодветно снимање во информационите системи, физичко губење на хартиена документација, губење или кражба на преносни мемориски уреди. |

2.4. Скала на веројатност на појава

| | Закана | Веројатност на појава |
|---|---|---|
| 1. | Пожар | Ретко |
| 2. | Неповолни услови во околината | Ретко |
| 3. | Вода | Ретко |
| 4. | Акумулирање на нечистотии, прашина, корозија | Ретко |
| 5. | Прекин или неисправност во напојувањето | Ретко |
| 6. | Дефект или неисправност на комуникациските мрежи | Ретко |
| 7. | Дефект или неисправност на давателите на услуги | Ретко |
| 8. | Електромагнетни пречки | Ретко |
| 9. | Кражба или губење на уреди, медиуми за чување на податоци и документи | Ретко |
| 10. | Манипулација со хардвер или софтвер | Ретко |
| 11. | Манипулација со информации | Ретко |
| 12. | Неовластено влегување во системи за информатичка технологија | Ретко |
| 13. | Дефект или неисправност на уреди или системи | Ретко |
| 14. | Повреда на закони или договори | Ретко |
| 15. | Неправилно користење или администрирање на уреди и системи | Ретко |
| 16. | Злоупотреба на овластувањата и на личните податоци | Ретко |
| 17. | Недостиг на кадар | Ретко |
| 18. | Кражба на идентитет | Ретко |
| 19. | Злонамерен софтвер | Ретко |
| 20. | Губење податоци | Ретко |

Согласно скалата на веројатност на појава на горенаведените закани, веројатноста на нивна појава е со вредност 1 ( **Ретко**). При настапувањето на соодветната закана, може да настане одредена штета, но конкретните околности спречуваат таков настан и не треба да се очекува истиот да се појави. Истовремено, можно е да настане штета, но зависи од однесувањето на трети лица, а конкретните околности укажуваат на тоа дека третите лица преземаат активности против настанувањето на штетата и не се очекува тоа да се промени.

2.5. Матрица на проценка

Согласно дадената матрица за проценка на идентификуваните ризици во однос на влијанието и на веројатноста за нивна појава, се добива вредноста на ризикот = Влијание х Веројатност за појава. Имајќи во предвид, дека е утврдено средно ниво на влијание со вредност 2 и ретка веројатност за појава на заканите со вредност 1 = конечниот резултат на матрицата на ризик е со вредност 2, што укажува на **Незначителен ризик** од обработката на податоците.

3. Нивоа на заштита на личните податоци

На сите документи во ДУИФ Вега фондови АД Скопје задолжително се применуваат мерките за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во следните нивоа:

- Основно ниво и
- Високо ниво.

4. Документација за заштита на личните податоци

Во согласност со оваа Политика, Друштвото преку интерниот акт – Правила за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци во ДУИФ Вега фондови АД Скопје, ќе обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Вработените и ангажираните лица во Друштвото се должни во рамките на своите работни задолженија да ги почитуваат и имплементираат горенаведените Правила во насока на заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци во ДУИФ Вега фондови АД Скопје врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на постојните од аспект на нивно услогласување со прописите за заштита на личните податоци.

5. Преодни и завршни одредби

Оваа Политика влегува стапува на сила на денот на нејзиното донесување и истата ќе се достави до Архивата на ДУИФ Вега фондови АД Скопје.

ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ